РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-928/3
01.08. 2025 год.

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20) и член 87-е од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 9/2019, 7/2020, и 6/2025) Иницијативниот одбор за свикување на конститутивната седница на Локално собрание на млади на општина Крушево објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ДЕЛЕГАТИ И ЗАМЕНИЦИ-ДЕЛЕГАТИ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРУШЕВО

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Локалното собрание на млади претставува тело кое е составено од по еден делегат/ка и еден заменик делегат/ка кои ќе бидат предложени од страна на младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Локалното собрание на млади објавува Јавен повик за кандидирање на членови за Локалниот младински совет на Општина Крушево и ги избира членовите на младинскиот совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од членовите на Локалното собрание на млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет.

Членовите на Локалното собрание на млади имаат задача:

- Да работат на спроведување на активностите на Собранието.
- Да учествуваат во подготовка на документи.
- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Крушево кои ги исполнуваат следните критериуми:

- **Да имаат активности на територијата на општина Крушево;**
- **Да номинираат делегат/ка и заменик-делегат/ка кои се: жители на општина Крушево и на возраст од 15-29 години.**

**III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши во општинските простории во писмена форма или електронски на следниве електронски пошти: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk, sotir.gabeloski@krusevo.gov.mk, Sotirgabeloski@yahoo.com.

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

- **Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците** (Прилог бр.1);
- **Образец за изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице** (Прилог бр.2);
- **Образец за изјава за прифаќање на номинацијата за делегат/ка заменик делегат/ка** (Прилог бр.3);
- **Кратка биографија од номинираното лице.**

Доставените пријави по истекот на рокот на Јавниот повик нема да бидат разгледувани.

Доставените материјалите на Јавниот повик не се враќаат.

**Јавниот повик трае 10 дена од 01.08.2025 до 10.08.2025 година**

Апликациите ќе бидат разгледани од члeновите на Иницијативниот одбор за организација и одржување на Локалното младинско собрание на општина Крушево а мандатите на делегатите ќе бидат верифицирани на конститутивната седница на локалното Собрание на млади на општина Крушево.

**VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел.072 264 157

**Иницијативен одбор:**

**Зорица Кузманоска**________

**Елена Филипоска**________

**Маја Преш** ________